РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 04-456/1
08. 06 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP


**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999
e-mail: contact@amm.org.mk


Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 16/10, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/15), и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-3755/2 од 04.05.2021 година, Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**Број 3/2021**
за вработување на неопределено време на помошно – техничко лице во
Националната установа – Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје

1 (еден) извршител на работно место Продавач, шифра КУЛ 04 01 Б01 003
Посебни услови: степен и вид на образование: Средно образование, Средно гимназиско или Средно стручно образование (економска или трговска струка), без работно искуство.

Напомена: Согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2021 година, едно (1) вработување за работно место Продавач е предвидено за Ром/ка.

Покрај горенаведените посебни услови, предвидени со Правилникот за систематизација на работни места во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр. 01-318/1 од 19.04.2021 година и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр.01-424/1 од 28.05.2021 година, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Распоред на работното време: Дневното работно време за огласеното работно место е во траење од осум (8) часа дневно односно четириесет (40) часа неделно.
Основна нето плата: 19.729,00 денари

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 (три) работни дена сметано од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје или да се симне од интернет страната www.amm.org.mk
Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:
- Уверение за државјанство;
- Уверение за општа здравствена способност за работното место;
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование.
Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје , секој работен ден од 9 до 15 часот или по пошта на следната адреса: кеј Димитар Влахов бб-Скопје, (со назнака „За Јавен оглас број – 1/2021“).
Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар. Ненавремените пријави и документацијата нема да се разгледуваат. Изборот на кандидат за работното место Продавач, ќе се изврши согласно член 20-д од Законот за вработените во јавен сектор.

НУ Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје
в.д. Директор
Славица Бабамова

Изработил:А.Трајковиќ